ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРИ НА ГОЛЕМО И МАЛО ГРАДСКИ ПАЗАР
Бр. 03-703/2
29.12. 2021 год.
ОХРИД

# ДОГОВОР

## *За јавна набавка на стоки*

Склучен на: 29.12.2021 год. помеѓу:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

*ЈП Градски Пазар - Охрид , Булевар Туристичка бр. 79*
застапувано од ВД Директорот Александар Попоски
(во понатамошниот текст Набавувач) од една страна, и
ДООЕЛ Пеликан Корпоратион, ул. Пролетерски бригади бб Струга
(во понатамошниот текст Носител на набавката-Добавувач), од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на следните *стоки* :
набавка на Потрошен канцелариски материјал (дел 2 – Печатени материјали )

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Договорот се склучува на определено време за период од: *1 година* од денот на склучувањето.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вредност на договорот изнесува 44.604,оо ден., (со ДДВ )

Единечните цени за набавка на *стоките,* се превземени од понудата доставена преку ЕСЈН на БЈН, за оглас *бр. 21249/2021 од 09.12.2021 год.*, намалени соодветно после спроведената е-аукција на *20.12.2021 год.* , и истите се составен дел на овој договор.

Цените се фиксни и нема да се менуваат до крајот на важноста на овој договор.

## V. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

**Член 4**

Добавувачот испораката на *стоката* ќе ја врши сукцесивно, во зависност од потребите на набавувачот , франко ЈП Градски Пазар Охрид , Булевар Туристичка бр. 79.

Договорниот орган го задржува правото да не ги набави сите предвидени стоки или количини дадени во спецификацијата.

Испорака на *стоката* добавувачот ќе ја врши врз основа на писмена нарачка на набавувачот, заверена од овластено лице. Испорака на *стоката* се смета за извршена со потпишување на испратница од овластеното лице на набавувачот и овластеното лице на добавувачот.

Рок за испорака на стоките е *3 дена*, од писмената нарачка на договорниот орган за цело времетраење на договорот.

## VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 5**

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на набавувачот, место, седиште, даночен број;

-Број и датум на договорот;

-Количини со опис на видот на *стоката*;
-Единечни договорни цени на *стоката*;
-Вкупни цени по видови на *стока*;
-Вкупна цена на фактурата;
-Валута на плаќање;
-Рок на исплата на фактурата;
Прилог кон фактурата е уредно заверена и потпишана испратница;

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Во случај на доцнење на испорака на *стоката* од страна на добавувачот, набавувачот има право на надомест на штета - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1% од вредноста на неиспорачаната *стока*, за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаните *стоки*.

Во случај на 2 (две) последователни неиспорачани *стоки*, набавувачот има право по претходно доставено писмено известување до добавувачот за неиспорачаната *стока*, во дополнително оставен рок од 5 дена да го раскине договорот за испорака на *стоката* со проста изјава и да склучи договор за испорака на *стоката* со второ рангираниот понудувач.

Во случај на став 3 од овој член добавувачот е должен да му ја надомести штетата на набавувачот.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на добавувачот дека го задржува своето право на договорна казна.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ЗАТЕЗНА КАМАТА ИЛИ ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето на добавувачот да го врши во рок од *30 дена* по достава на фактура.

Во случај набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува казнена камата за секој ден доцнење со уплата, освен ако страните на договорот не постигнат согласност за дополнителен рок на плаќање.

## IX. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 8**

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката од член 1 од овој Договор врши набавувачот, со документ испратница, потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на набавените *стоки*.

Квалитетот на испорачаната *стока*, треба да биде во согласност со меѓународните стандарди и стандарди на РМ и согласно приложените технички карактеристики во тендерската документација.

## X. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 9**

Материјален недостаток постои:

-Ако предметот на набавка ги нема потребните својства за негова редовна употреба.

-Ако предметот на набавка ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;

-Ако предметот на набавка ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани;

-Кога добавувачот предал *стока* која не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна;

-Кога добавувачот предал *стока* која не е во согласност со меѓународните стандарди и стандардите во РМ.

**Член 10**

Набавувачот е должен применната *стока* на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести добавувачот во рок од 8 дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни , набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на добавувачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

**Член 11**

Кога по приемот на *стоката* што е предмет на набавка од страна на набавувачот ќе се покаже дека има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаен преглед при преземањет (скриен недостаток), набавувачот е должен за тој недостаток да го извести добавувачот во рок од 8 дена, сметјќи од денот кога го открил недостатокот.

**Член 12**

Набавувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска утврдена во роковите од член 10 и 11 од овој договор ако тој недостаток му бил познат на добавувачот или не можел да му остане непознат.

## XI. ГАРАНЦИЈА И ГАРАНТНИ РОКОВИ

**Член 13**

Гаранцијата и гарантните рокови се во согласност со гаранциите и гарантните рокови на производителите на *стоката* наведена во техничката спецификација од понудата приложена со тендерската документација.

Доколку испорачаните *стоки* што се предмет на набавка имаат некој недостаток добавувачот се обврзува веднаш да ги отстрани недостатоците.

Во случај да неисправноста или недостатокот на набавената и монтирана *стока* добавувачот не е во состојба да го отклони во законскиот рок, набавувачот има право да:

-бара замена на производот со неупотребуван ист таков производ, или ;

-раскинување на Договорот, враќање на платениот износ и надоместок за претрпена штета;

**Член 14**

Добавувачот се обврзува да обезбеди стока по договор со набавувачот.

## XII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 15**

Добавувачот е должен на набавувачот да му ја надомеси штетата предизвикана поради неисправност или недостаток на *стоката* согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## XIII. ВИША СИЛА

**Член 16**

Набавувачот и добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од Виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

## XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 17**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни а третиот член ќе го одредат од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на РМ.

Доколку тоа на даде резултат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот суд во Охрид.

## XV. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 18**

Во случај добавувачот да не ја испорачува *стоката* во рокот утврден со овој договор, набавувачот може да го раскине едностарано договорот на начин утврден во член 6 став 3 од овој договор.

## XVI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 19**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етички и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 20**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во република Македонија.

## XVIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Измени и дополни на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 22**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Набавувач :** | **Добавувач :** |
| **ЈП Градски Пазар Охрид** | **Дооел Пеликан Корпоратион** |
| **ВД Директор,** | **Одговорно лице,** |
| **Александар Попоски** | **Ѓуро Котески** |

Единечни цени:

21249/2021, Потрошен канцелариски материјал, дел 2 (Печатени материјали)

| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Назив | | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| 1 | Дневник на благајна (благајнички извештај) А4 1/100, индигирани | кочан | 20 | 69,07421 | 1381,484 | 248,6671 |
| 2 | Парагон блок (мин. 100 листа, индигирани, нумерисани со ист број на секои два листа), мин. 100x70 мм | парче | 200 | 4,317138 | 863,4276 | 155,417 |
| 3 | Пописни листи А4, 1/100 NCR (мин 100 листа, индигирани) | парче | 10 | 21,58569 | 215,8569 | 38,85424 |
| 4 | Евидентен лист 1/24 (мин. 90 листа, индигирани, нумерисани со исти број на секои три листа) (со лого , по урнек, ednobojni)* | кочан | 500 | 18,99541 | 9497,704 | 1709,587 |
| 5 | Каса исплати 1/24 (мин. 90 листа, индигирани) (со лого , по урнек, еднобојни)* | кочан | 5 | 21,58569 | 107,9285 | 19,42712 |
| 6 | Пропусници, мин. 100 листа, индигирани, мин. (100x70)мм (со лого , по урнек, еднобојни)* | кочан | 10 | 6,907421 | 69,07421 | 12,43336 |
| 7 | Налог за користење патнички автомобил за деловни потреби, мин. 100 листа | кочан | 5 | 17,26855 | 86,34276 | 15,5417 |
| 8 | Приемници 1/16 (мин. 100 листа, индигирани)(со лого , по урнек, еднобојни)* | кочан | 20 | 6,907421 | 138,1484 | 24,86671 |
| 9 | Налог за плата А3 (мин. 100 листа) | кочан | 5 | 8,634276 | 43,17138 | 7,770848 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Интерна доставна книга 1/100 листа тврд повез, Сл. Весник 99/14 , стр.49 образец бр.5 (формат 210x290)мм | парче | 1 | 86,34276 | 86,34276 | 15,5417 |
| 11 | Градежна книга А4 1/100 НЦР | парче | 100 | 86,34276 | 8634,276 | 1554,17 |
| 12 | Градежен дневник А4 1/100 НЦР | парче | 100 | 86,34276 | 8634,276 | 1554,17 |
| 13 | Книга за место 1/100, тврд повез , Сл. Весник 99/14, стр.50 , образец бр. 7, формат (210x290) мм | парче | 1 | 30,21997 | 30,21997 | 5,439594 |
| 14 | Деловодна книга, 100 листа тврд повез (Сл. весник 99/14, стр. 48, образец бр. 3, формат 240x340 мм) | парче | 2 | 172,6855 | 345,371 | 62,16679 |
| 15 | Книга за излезни фактури, А4 тврд повез, 1/100 листа | парче | 3 | 103,6113 | 310,8339 | 55,95011 |
| 16 | Книга за влезни фактури, А4 тврд повез, 1/100 листа | парче | 3 | 30,21997 | 90,6599 | 16,31878 |
| 17 | Матична книга за вработени, мин. 100 листа, тврд повез, А4-(landscape) | парче | 1 | 12,95141 | 12,95141 | 2,331255 |
| 18 | Персонално досие | парче | 10 | 82,02562 | 820,2562 | 147,6461 |
| 19 | Книга за редовност А4, мин. 50 листа | парче | 15 | 43,17138 | 647,5707 | 116,5627 |
| 20 | Книга за службени патувања А4, мин 100 листа | парче | 1 | 17,26855 | 17,26855 | 3,108339 |
| 21 | Книга за дневен финансиски извештај (образец КДФИ-01) | парче | 5 | 43,17138 | 215,8569 | 38,85424 |
| 22 | Реверс А5 (мин. 100 листа, индигирани), (со лого , по урнек, еднобојни)* | парче | 5 | 12,95141 | 64,75707 | 11,65627 |
| 23 | Книга за евиденција на трговски услуги (образец ЕТУ) | парче | 5 | 69,07421 | 345,371 | 62,16679 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Итна сметководствена книга (образец ИСК-03) | парче | 5 | 43,17138 | 215,8569 | 38,85424 |
| 25 | Образец ППР | кочан | 2 | 21,58569 | 43,17138 | 7,770848 |
| 26 | Сметко-потврда А5 , 1/100 листа (со лого, по урнек, еднобојни)* | кочан | 2 | 10,36113 | 20,72226 | 3,730007 |
| 27 | Испратница А5, 1/100 листа (индигирано, по урнек, еднобојни )* | кочан | 20 | 12,95141 | 259,0283 | 46,62509 |
| 28 | Барање за набавка А5 , 1/100 листа (индигирано, по урнек, еднобојни)* | кочан | 20 | 21,58569 | 431,7138 | 77,70848 |
| 29 | Книга за пошта (формат 210x290 мм) образец бр. 6 | парче | 1 | 112,2456 | 112,2456 | 20,20421 |
| 30 | Попис на документи/записи (формат 240x340 мм) образец бр. 4 | парче | 10 | 146,7827 | 1467,827 | 264,2088 |
| 31 | Попис на списи (папки "предмет") | парче | 1000 | 2,590283 | 2590,283 | 466,2509 |

Вкупна цена на листата без ДДВ ден.: 37.800,00

Вкупно ДДВ ден.: 6.804,00